Почитувани,

Согласно чл. 24 од Статутот на МОФ во име на Управниот одбор на Младински образовен форум објавувам

## Повик за програмски координатор на програмата Истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики во Младински образовен форум

Апликацијата за програмски координатор се подготвува од страна на кандидатот за позицијата програмски координатор во рамки на програмата: **Истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики.**

Координаторот на програмата Истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики работи со мандат од 18 месеци и има право на неограничен реизбор согласно условите наведени во TOR-от за позицијата.

Опис на обврските на координаторот се наведени во TOR-от прикачен кон овој повик.

Ангажманот на координаторот е 40 часа неделно и за истиот има предвиден финансиски надоместок во износ од 20.000 – 25.000 денари нето во зависност од искуството и образованието на кандидатот.

Заинтересираните кандидати треба да се пријават најдоцна до 28.11.2021 година (недела, 23:59 часот) на info@mof.org.mk и ivanapetkovska91@yahoo.com, со праќање на:

**- Биографија (CV);**
**- Мотивациско писмо во должина до 1 страница и**
**- Апликација за работа прикачена кон овој повик во должина не повеќе од 2 страни.**

Кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат поканети на интервју со комисијата составена од членови на Управниот одбор на МОФ. Управниот одбор во полн состав ќе донесе одлука за избор на координатор на програмата.

Со почит,
Ивана Петковска
Претседател на УО на МОФ